# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**498.**

Врз основа на член 126 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ТРАЕЊЕТО НА НЕПРЕКИНАТАТА РАБОТА, ТРАЕЊЕТО НА СМЕНИТЕ И ДОЛЖИНИТЕ НА ДНЕВНИОТ ОДМОР НА КОНТРОЛОРИТЕ НА ЛЕТАЊЕ, СТУДЕНТИТЕ КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ И ЛИЦАТА ОДГОВОРНИ ЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ ЗА ЛЕТ НА ВОЗДУХОПЛОВ (FD)

Член 1

Со овој правилник се пропишува траењето на непрекинатата работа, траењето на смените и должините на дневниот одмор на контролорите на летање, студентите контролори на летање и лицата одговорни за обработка на податоци за лет на воздухоплов (FD).

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1. „Оперативна должност” е периодот во текот на кој контролорот на летање, студентот контролор на летање, односно лицето одговорно за обработка на податоци за лет на воздухоплов (FD) реално ги користи правата од соодветната исправа на оперативна работна позиција и

2. „Непрекината работа“ е непрекинат дел од оперативната должност во кој во секој час од работата биле извршени минимум четири операции со воздухоплови.

Член 3

(1) Непрекинатата работа на контролорот на летање, односно на студентот контролор на летање не може да трае подолго од три часа, односно подолго од два часа доколку контролата на воздушниот сообраќај се врши со помош на радар.

(2) По исклучок од став (1) од овој член, непрекинатата работа на терминалниот радарски контролор на летање, односно на студентот контролор на летање кој се обучува за терминална радарска контрола на летање во текот на ноќната смена може да трае до три часа, но не повеќе од еднаш во текот на ноќната смена.

(3) Непрекинатата работа на лицето одговорно за обработка на податоци за лет на воздухоплов (FD) на оперативно работно место, не може да трае подолго од четири часа.

(4) По исклучок од став (1) од овој член, надлежниот шеф на смена, непрекинатата работа може да ја продолжи за уште 60 минути поради ненадејно зголемување на обемот на сообраќајот или поради други непредвидливи околности.

Член 4

(1) По непрекинатата работа од член 3 на овој правилник, на контролорот на летање, односно студентот контролор на летање треба да му се обезбеди одмор кој не може да биде пократок од 60 минути.

(2) По исклучок од став (1) од овој член, одморот на контролорот на летање, односно студентот контролор на летање може да биде пократок од 60 минути, но не пократок од 30 минути и тоа само еднаш во текот на неговиот работен ден.

(3) Одморот на лицето одговорно за обработка на податоци за лет на воздухоплов (FD) не може да биде пократок од 30 минути.

(4) За време на ноќната смена на контролорот на летање, студентот контролор на летање, односно лицето одговорно за обработка на податоци за лет на воздухоплов (FD) треба да му се обезбеди најмалку еден непрекинат одмор во траење од најмалку три часа.

Член 5

(1) Вкупното времетраење на оперативната должност на контролорот на летање, односно студентот контролор на летање во ноќна смена не може да изнесува повеќе од пет часа.

(2) По исклучок од став (1) од овој член, шефот на смена може вкупното времетраење на оперативната должност на контролорот на летање, односно студентот контролор на летање во ноќна смена да го продолжи за 60 минути, поради непредвидено зголемување на обемот на сообраќајот или други непредвидени околности.

Член 6

(1) Работата на контролорот на летање, студентот контролор на летање, односно лицето одговорно за обработка на податоци за лет на воздухоплов (FD) се врши во смени. Должината на смената на контролорот на летање, студентот контролор на летање, односно лицето одговорно за обработка на податоци за лет на воздухоплов (FD) изнесува осум часа.

(2) Должината на сменската работа може да биде уредена и на друг начин со меѓусебен договор помеѓу работодавецот и синдикатот со тоа што должината на смената не може да изнесува помалку од четири часа и не подолго од 12 часа.

(3) По исклучок од став (1) од овој член, во случај на вонредни непредвидени околности, смената на контролор на летање, студент контролор на летање, односно лице одговорно за обработка на податоци за лет на воздухоплов (FD) може да трае и подолго од осум часа, но не подолго од 12 часа.

Член 7

(1) Дневниот одмор на контролорот на летање, студентот контролор на летање, односно лицето одговорно за обработка на податоци за лет на воздухоплов (FD) по завршување на било која дневна смена треба да изнесува најмалку 12 часа.

(2) Дневниот одмор на контролорот на летање, студентот контролор на летање, односно лицето одговорно за обработка на податоци за лет на воздухоплов (FD) по завршување на ноќната смена треба да изнесува најмалку 48 часа.

Член 8

(1) Со меѓусебен договор помеѓу работодавецот и синдикатот, на контролорот на летање, студентот контролор на летање, односно лицето одговорно за обработка на податоци за лет на воздухоплов (FD) може да му се утврди и детално пропише обврска да биде достапен на работодавачот и по потреба да биде повикан на работа (задолжителна приправност).

(2) Задолжителната приправност од став (1) на овој член може да изнесува најмногу пет смени месечно.

Член 9

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за траењето на непрекинатата работа, траењето на смените и должините на дневниот одмор на контролорите на летање и на помошникот на контролорот на летање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 23/09 и 94/14).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 10-272/1 | Директор на Агенцијата |
| 13 февруари 2026 година | за цивилно воздухопловство, |
| Скопје | **Драги Стојаноски,** с.р. |

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**499.**

Врз основа на член 54 став (1) точка 1) потточка 1.20 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25), член 8 став (2) од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22 и 218/25) и Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 237/25), Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 16.2.2026 година, донесе

## О Д Л У К А ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 73,00 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 75,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 68,00 (денари/литар) |
| - Масло за горење – Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 67,00 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 33,883 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за Мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на Мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 30,613 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 32,269 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 33,512 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 32,930 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 24,824 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, којшто за Еуросупер БС-95 е во износ од 7,281 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 7,320 денари/литар, за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 7,285 денари/литар и за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 7,010 денари/литар, додека за Мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 3,000 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за Мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 1,00 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина што согласно член 184 став (1) од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви, што согласно член 32 став (1) од Законот за задолжителни нафтени резерви го плаќаат производителите на нафтени деривати и увозниците на нафтени деривати: